Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 31 и 37 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а во врска со примена на член 3 став 2 од Кривичен законик, на седницата одржана на ден 07.12.2021 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

**Во постапка на неправо повторување на кривичната постапка по поднесено барање за преиначување на правосилна пресуда без повторување на постапката кога една од казните во поранешните пресуди е изречена пред да се донесат измените на Кривичниот законик во 2013 година, каде е пропишано општ законски максимум на казната затвор од 15-петнаесет години, а друга казна затвор е изречена со правосилна пресуда по донесување на измените на Кривичниот законик, според кој општиот законски максимум на казна затвор е 20-дваесет години, се применува начелото *in dubio pro reo*, односно примена на закон што е поблаг за обвинетиот.**

**Оддел за казниви дела**